**Народниот театар Охрид утре, 10 ноември, во 20 часот премиерно ќе ја изведе новата претстава „Метод“ од Жорди Галсеран, а во режија на Ирена Стеријовска ...**



„Метод“ е приказна за новиот свет полн со замки, трикови и големи очекувања. Свет во кој сѐ е достапно ако се плати вистинската цена. Тука човечките чувства се валута со која се тргува најлесно.

Актерската екипа во претставата ја сочинуваат: Стрезо Стаматовски, Ивица Цонев, Елизабета Стефановска и Јаков Спасов. Идејното решение за сценографијата е на Стефан Спировски, а костимографијата е на Ана Кркулеска-Попоска. Изборот на музика го направи Ирена Стеријовска, а композитор на темата „Tango Mastergame” е Ермаљ Мехмети.